**Локалната Библиотека „Гоце Делчев“** е правно лице, локална установа од областа на културата со непрофитна цел, со права, одговорности, овластувања и обврски кои ги има врз основа на Законот и на статутот. Во работењето со трети лица, Библиотеката истапува во свое име и за своја сметка и ги има истите овластувања во правниот промет со трети лица.

Целосното име на библиотеката е Локална библиотека „Гоце Делчев“, а седиштето е на ул. „Алексо Демниевски“, бр.11, во Велес.

**Основната дејност на библиотеката е:**

- - набавување, истражување, собирање, стручно обработување и проучување, заштитување, чување, објавување, информирање, презентирање и давање на користење библиотечен материјал.
- - промовирање и афирмирање на библиотечниот материјал, движното културно наследство, преку изложби, предавања, литературни читања, семинари и курсеви, прикажувања на филмови и други форми на дејствување.
- - обезбедување услови за користење и научно и стручно проучување на библиотечниот фонд.
- - издавање на стручни публикации, каталози, водичи и друг информативен материјал.
- - водење влезна евиденција, инвентарна книга, основен каталог и друг вид евиденција и документација.
- - подготвување на библиотечни каталози, база на податоци, картотеки и одржување на истите.
- - стручна обработка и чување на роднокрајниот библиотечен материјал од локално значење
- - вршење на библиографско-информациска и документациска дејност
- - следење на состојбите и нудење стручна помош на училишните и други библиотеки.
- - стручно усовршување на библиотечните кадри
- - позајмување и размена на библиотечен материјал со други библиотеки
- - грижа за правилна примена на техничко-заштитните мерки за чување и одржување на библиотечен материјал
- - маркетиншко афирмирање на библиотечното работење
- - учество во одржувањето на националната заемна библиографска база на централните каталози и бази на податоци
- - задоволување на културните потреби на пошироката јавност
- - придонес за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа, за

развојот на образованието, културата, науката и други дејности.

- - развивање на интерактивна комуникација со корисниците заради користење и популаризација на публикациите и другиот информативен материјал.
- - вршење и други услуги со достап на информации во електронска форма
- - вршење издавачка дејност, печатење и услужни активности
- - вршење и други активности од областа на библиотечната дејност соглсно со законот.

Основната структурна поделба на Библиотеката е на орган на раководење и орган на управување. Органот на раководење е Директорот, а органот на управување е Управниот одбор

**Моментално Локалната библиотека „Гоце Делчев“ располага со 9 вработени лица, кои се распоредени на следниве оддели:**

- - Оддел за комплетирање на книжен фонд
- - Оддел за прием и техничка обработка на книжен материјал
- - Оддел за матична дејност
- - Оддел за стручна обработка на монографски публикации во одделот за возрасни
- - Оддел за стручна обработка на монографски публикации во одделот за деца
- - Оддел за автоматзација на библиотечни процеси
- - Оддел за роднокрајна збирка
- - Оддел за позајмување
- - Оддел за странски автори
- - Оддел за деца
- - Игротека
- - Оддел за клонови
- - Книговезница
- - Оддел за администрација
- - Оддел за техничко одржување